4

# Стигматизацијата и социјалното исклучување во **ХИВ/СИДА** контекст: **потреба од нови приоди?**

аналитички осврт

акција ЗДРУЖЕНСКА

CIVICA mobilitas

...towards common values!

Акција Здруженска, Скопје, декември 2011

“Овој аналитички осврт беше овозможен во рамките на програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC”.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confèdèration suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperetion SDC**

Центар за **ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ** - ЦИРа
www.cira.org.mk

акција ЗДРУЖЕНСКА

Здружение за унапредување на родовата
еднаквост Акција Здруженска,
ул. Васко Карајанов бр.2-1/4,
Скопје, Македонија
Тел/факс: (02) 3 215 660; (02) 3 215 661,
e-mail: zdruzenska@t-home.mk;
www.zdruzenska.org.mk

# Вовед

Темата на овој аналитички осврт е концептот на стигмата, стигматизацијата во дискурсот на анализите и пристапите кон овој феномен во контекст на ХИВ/СИДА. Прашањето на стигматизацијата во ХИВ/СИДА контекстите е од особена важност затоа што, според одредени стојалишта, стигматизацијата, и дискриминацијата како нејзин резултат, преставуваат структурирани чинители во ХИВ епидемијата. Ние би додале дека социјалното исклучување е краен исход на стигмата и дискриминацијата на лицата кои општеството ги поврзува со ширењето на ХИВ: исклучување на оние кои се изложени на ХИВ трансмисијата, лицата кои живеат со ХИВ/СИДА, но и на оние кои се обидуваат да им помогнат.

Понатамошниот текст претставува осврт на некои карактеристични места во логиката на пристапот кон стигматизацијата како прашање на погрешно и/или неоправдано заклучување и формирање на ставови за лица и групи, односно Рационалистички пристап кон стигматизацијата (РПС понатаму во текстот). Целисходноста на овој приказ се состои во тоа повторно да ги идентификуваме нашите сфаќања, сознанија и аргументи поврзани со стигматизацијата и социјалното исклучување во ХИВ контекстите и да се обидеме да заземеме еден пореален и/или попрагматичен пристап кон ова прашање.

## За рационалистичкиот пристап на стигматизацијата

И покрај важноста на прашањето на стигматизацијата, малку се обрнува внимание за тоа како го разбираме овој феномен. Анализите, извештаите и прирачниците поврзани со прашањата и борбата против стигматизацијата во контекст на ХИВ, се темелат на одредени претпоставки, теории и согледби за природата на овој феномен, неговото настанување и надминување. Заедничко за сите е сфаќањето дека стигматизацијата има негативно влијание во борбата со ХИВ, и скоро кај сите е присутно едно наивно разбирање на процесите кои ја конституираат таа појава, но и едно проблематично разбирање на оние кои ја спроведуваат стигматизацијата, односно, стигматизираат. Така на пример, ако на некој кој врши стигматизација му се објасни дека погрешно верува дека ХИВ позитивните лица се, на пр. без висок морален и етички интегритет, и му се наведат редица издржани аргументи против неговото верување, тоа значи дека таквиот пристап верува дека лицата кои стигматизираат се рационални суштества кои врз основа на рационален аргументиран дијалог ќе ги отфрлат лажните, односно, погрешните премиси во нивните сфаќање за моралноста на ХИВ позитивните лица. И второ, ваквиот пристап верува дека стигматизацијата претставува процес на формирање на погрешни ставови и заклучоци врз основа на лажни премиси.

Зачудувачки со ваквиот пристап е тоа што покрај рационалистичкиот аспект тој исто така ги зема предвид и психолошката и културната димензија на проблемот на стигматизацијата, како контекст и фактори за нејзиното настанување, но, и понатаму останува на позицијата дека преку рационално аргументирано убедување ќе направи пресврт во ставовите кај стигматизаторите. Не е потребно многу, да се покаже дека културните матрици не се од ист логички ред со аргументите како логичка категорија, односно дека е невозможно да се смени некоја културна матрица со/преку аргументи туку единствено преку друга културна матрица. Така е и во контекст на ХИВ стигматизацијата: системите од ставови, стереотипи и предрасуди како културни матрици се тие кои го одредуваат нашето однесување без разлика на тоа колку сме убедени во лажноста или вистинитоста на нашите ставови.

# Структура на стигматизацијата

Зборот **„СТИГМА"** потекнува од латинскиот stigma, кој има корен во старогрчки στίγμα (стигмата, "обележје"). Освен во неговото религиозно значење, значењето на зборот стигма најчесто се употребува во неговото социјално значење, кога сакаме да ја означиме ситуацијата на неоправдана социјална дисквалификација и деградација на некое лице или група врз основа на некоја нивна реална или имагинарна карактеристика. Во популарните едукативни и аналитички материјали кои го третираат прашањето на стигмата во контекст на ХИВ/СИДА, стигматизацијата вообичаено се употребува во смисла на формирање негативни ставови кон лицата и групите кои вообичаено се поврзуваат со ХИВ или живеат со ХИВ/СИДА. Нивниот стигматизиран статус се поврзува со одредени неприфатливи однесувања поврзани со сексуалноста, употребата на droги и сексуалната работа при што се повлекува знак на равенство помеѓу нивниот статус на ризик од ХИВ трансмисија или позитивен ХИВ статус со неприфатливоста на споменатите практики. Родовата димензија на стигматизацијата е секогаш конститутивен и нејзин пропратен момент.

Ваквото сфаќање на стигматизацијата е сосема компатибилно со стојалиштето кое го именувавме како Рационалистички пристап кон стигматизацијата –РПС. Според РПС стигматизацијата се темели на негативни ставови кои содржат негативни стереотипи и предрасуди формирани во емоционални и/или идеолошки контексти. Во принцип, се до оваа точка ние можеме да се сложиме со РПС. Разидувањето се состои во сфаќањето на реалноста на таквите контексти. Според РПС, се претпоставува дека стигматизацијата може да се надмине ако се сфати неоснованоста, а со тоа и неоправданоста на формирање на ставови кои се темелат на емоционални факти и/или непроверени информации и наводни факти. Според нашето разбирање, токму потценувањето на реалноста на емоционалните факти и стереотипите како расположливи знаења на заедницата или поединецот кои стигматизираат е слабата точка на РПС. За нив (стигматизаторите) токму емоционалната состојба (стравот на пр.) и/или општиот консензус за одредено „стереотипно" сфаќање кое функционира како знаење во нивната заедница се всушност

емпириски доказ за исправноста и оправданоста на нивните ставови кои ние ги препознаваме како ставови на стигматизација.

## Стереотипизација

**СТЕРЕОТИПИЗАЦИЈАТА** како елемент на стигматизацијата, според РПС претставува формирање на лажни и погрешни претстави за одреден социјални настани, групи и процеси. Стереотипите се претстави кои се формирани врз основа на лимитирани информации за објектите на нашето претставување и се резултат на, според стандардното сфаќање на РПС, некритичка генерализација на претстави и сознанија за објектите на претставувањето, втемелена на ограничено и парцијално искуство што го имаме со таквите објекти. Во однос на групните идентитети, стереотипизацијата претставува генерализација на стварни или имагинарни карактеристики на целата група без разлика на варијациите и посебните разлики на членовите на групата.

Проблемот со ваквото разбирање на стереотипизацијата не е објаснувањето на механизмите на настанувањето на стереотипите туку во претпоставките на нивното надминување и/или спречување на нивното настанување. Ваквото стојалиште бара од познавателниот субјект генерализација која ќе се потпира на потполна индукција, критичко преиспитување на претставите кои се темелат на парцијално искуство или информации за објектите кои се предмет на ставовите со цел да намалат грешките од неоправданата генерализација. Да се воздржи од универзалноста на познавателните претстави, затоа што тие не мора да важат општо и нужно во сите контексти.

Ќе мора да се сложиме дека ваквите услови за фер и исправна конструкција на претстави е идеал кој емпириски е невозможен. Како прво, постојано се заборава дека стереотипизацијата е дел човечкиот когнитивен капацитет и претставува дел од нашиот секојдневен когнитивен живот. Симплификацијата како дел од процесите на креирање на претставите при интеракцијата со нашата околина без разлика на тоа дали таа е социјална или физичка е когнитивна функција која не е рефлексивно рационално водена. Освен за оние случаи каде што недвосмислено постои интенција за креирање на

погрешни и лажни претстави за одредени социјални групи и настани, за сите други случаи на стереотипизација не можеме да ги употребиме забелешките за некритичност или непотполност во генерализациите. Стереотипите се познавателни кратенки преку кои си ја објаснуваме околината, без разлика на тоа што тие подоцна можат да се покажат дека се лажни или погрешни. Исто така, сите не можат да имаат квалификувано или експертско искуство поврзано со предметот на нивните стереотипи. Уверувањата, убедувањата, митовите претставуваат ризница на премиси на социјалната епистемологија врз основа на што се градат социјалните стереотипи.

## Предрасуди

**ПРЕДРАСУДИТЕ**, според РПС, се ставови кои не се засновани на искуство ниту на рационални аргументи, афективно се оптеретени и отпорни на промена. Разни автори различно ја оценуваат улогата на предрасудите во процесот на стигматизацијата. Според едни, предрасудите се нејзин структурен дел, додека за други, тие претставуваат нејзина манифестација. РПС, предрасудите во споредба со заблудите и грешките во заклучувањето, вообичаено ги опишува како мотивирани и тенденциозни грешки а не само површни генерализации. Негативните предрасуди, не вклучуваат само негативно втемелено мислење за другите социјални групи и некритичко мислење за својата, туку и подготвеност за мразење и прогон на оние кои не се, ниту ги делат и не се придржуваат до вредности на групата од каде произлегуваат предрасудите.

Можеме да забележиме дека како и кај стереотипите, РПС ги повторува истите забелешки за непотполна генерализација, некритичност, но додава и уште една а тоа е тенденциозноста, намерата. Тоа значи дека РПС, предрасудите ги сфаќа делумно и како свесно воден процес што за последица има намерно предизвикување на одредена штета над лицата или групите кон кои се упатени предрасудите. Тенденциозноста можеме да ја согледаме и во процесот на легитимирање на предрасудите. За РПС, предрасудите се легитимираат и со идеолошки механизми: оправданието на предрасудите се спроведува во името „некој“ или „нешто“, што претставува доволна основа за колективна

акција во спроведувањето на „месијанската улога“ во промовирањето и зачувувањето на вистинските вредности.

Ние можеме повторно само делумно да се сложиме со РПС во сфаќањето на предрасудите. Анализата на структурните карактеристики на предрасудите се прифатливи се додека не се оптоварени со тенденциозност во анализата. За нас е неприфатливо предрасудите да бидат квалификувани и оценувани само од аспект на можната штета врз оние кон кои предрасудите се насочени. Илузорно е да се очекува дека некоја група или поединец ќе ја девалвира сопствената културна матрица, затоа што токму таа го конституира неговиот/нивниот социјален идентитет и присутност. Предрасудите, исто како и стереотипите, се конституенти на социјалните идентитети, така што без нив не би ни постоеле.

## Заклучок

Во основа стигматизацијата е претставување, симболска (семиотичка) активност кога некоја одлика на поединецот или групата се доведува во врска  со постоење на некоја друга одлика која од неа произлегува а која е неприфатлива или непосакувана од страна на оние кои ја прават таа поврзаност. Ваквата концепција на стигматизацијата, за разлика од сфаќањето на РПС, овозможува неколку предности во однос на ХИВ превенцијата и односот на лицата кои живеат со ХИВ/СИДА.

Како прво, нашата концепција не го потценува културниот контекст на настанувањето на стигматизацијата. Ние веруваме во рационалноста на луѓето и нивната способност да прават правилни заклучоци, меѓутоа ги признаваме културните матрици на вредности, идеали и санкции како носители и двигатели на нивното однесување. Впрочем, заедниците, културите, групите не се ништо друго туку хиерархиски структури кои ги дефинираат статусот, улогите и положбата на нивните членови и на останатите, Другите. За да се победи во борбата со стигматизацијата потребно е да се предизвикаат културните матрици како причинители на стигматизацијата, како субјекти кои обезбедуваат ограничена база на знаење, недоволна за успех и просперитет на членовите на културните матрици.

Второ, нашата концепција ја признава реалноста на стравот и несигурноста на луѓето во ХИВ/СИДА контекстите, без разлика дали се тие се дел од општата или популацијата со висока изложеност на ХИВ трансмисија, или живеат со ХИВ/СИДА. Афективните состојби се состојби кои ни ја потврдуваат нашата егзистенција иако тие се можеби неоправдани затоа што нема никаква реална основа за нив, како што е на пример, стравот од вообичаен контакт со лица кои се ХИВ позитивни, или стравот од дискриминација во ситуација на објава на ХИВ позитивниот статус. Оправдани или не, тие се реални двигатели на нашето поведение. Методите на рационализацијата на афектите, претпоставуваме дека ќе бидат многу поефикасни отколку нивното игнорирање или потиснување во името на рационалноста како есенцијална човечка природа; како нешто од што треба да се срамиме зошто ги поседуваме.

Трето, РПС се промовира како стојалиште кое демонстрира супериорност и еманципираност кое од својата возвишена гледна точка ги посматра стигматизаторите и стигматизираните. Рационалистичката ароганција на РПС во анализата на стереотипите, предрасудите и стигматизацијата како рудиментирани форми на знаење и однесување а со тоа и на потценување и осуда на оние кои се нивни агенти, кулминира во сарказмот на нивното прекутно чудење: зарем е возможно човечката глупост да го надмине Разумот. А она што го нарекуваат глупост е токму она со кое не можат да се справат: афектите, вредностите, лимитираноста на човечкото познание.

Овој аналитички осврт кон стигматизацијата во ХИВ/СИДА контекстите не треба да се сфати како отворен песимизам и стојалиште кое промовира и ги оправдува поведенијата кои се втемелени на изговорите за ненадминливоста на стереотипите, предрасудите и стереотипизацијата како нивен исход. Осврtот сака да повика на преиспитување на нашите стратегии во борбата со стигматизацијата и дискриминацијата во услови на едно постмодерно време кога не веќе не срамно, односно, не е вредносно неприфатливо да се биде традиционален во смисла на тоа да не се прифатат наводните универзални принципи на Разумот и разумното однесување кое ги трансцендира границите на заедницата на која и припаѓаме. Насоката која треба да ја очекуваме е дека промената на свеста за стигматизацијата во ХИВ/СИДА контекстите нема

да се случи како резултат на рационален увид, туку повеќе како резултат на инструменталната и прагматична промена на нашите сфаќања за корисноста од воздржување од стигматизацијата.

# Препораки

(до чинителите во областа на ХИВ/СИДА превенцијата и третман)

1. Да се преиспитаа клучните претпоставки на тековните стратегии и пристапи во борбата со стигматизацијата во ХИВ/СИДА контекстите и од неа произлезената дискриминација и социјална исклученост.
2. Да се обрне повеќе внимание на културалистичкиот и психосоцијалниот приод во справувањето со стигматизацијата, отколку со апелирање на свеста и разумот како клучни и единствени фактори на промена на поведението.
3. Да се препознае родовата димензија во предложените приоди како есенцијален аспект во справување со родово заснованата стигматизација во ХИВ/СИДА контекстите.

Акција Здруженска, Скопје, декември 2011